Ферид МУХИЌ

# МАРКС ИЛИ СОВРЕМЕНОСТ

Идејата на ова испитување е сврзникот „или“ да се разбере како дисјунктивен, исклучувачки момент во наведената релација. Според тоа, не конјукцијата, која de facto завршува во идентификување, од типот на ставовите „Врат и л и шија“, туку поставување во опозиција, за која би важело она на Киркегор: „Или-или“. Ослободено од искушението на запаѓање во реторичка стратегија, прашањето кое тука се поставува, не е анализата на односот во кој една општествена теорија и одреден облик општествена стварност, взаемно се дополнуваат, конвергираат, или воопшто, стојат во апологетски однос; целта е, напротив, да се испита во каков однос теоријата на Маркс денес стои кон самата себе, во рамките на сопствените теоретски постулати, и воедно, како таа себе се ресветлува низ призмата на дадената социјална стварност — имајќи предвид дека таа стварност е обликувана под силно влијание токму на таа теорија, што значи дека е, во дел кој не смее да се запостави, *нејзин сопствен производ и резултат*. Стриктно формулирана, во сета полемички мотивирана пренагласеност, диктирана од потребата на јасното назначување на проблемот, оваа дилема гласи: дали, за ова столетие изминато од смртта на Маркс, стварноста била решавачки формулирана од Маркс, или напротив, Маркс бил преформулиран од стварноста, од објективитетот кристализиран како континуирана с о в р е м е н о с т?

Координатниот систем во чии рамки вака поставената анализа би се одвивала, назначен е со две флагрантно спротивставени оценки дадени од самиот Маркс. Првата е онаа од XI-та теза за Фоербах, во која се истакнува дека светот досега само различно е интерпретиран, но се работи за тоа тој да се измени, а која ние тука ќе ја проблематизираме со нејзината малку изменета логичка конверзија: „Светот досега само различно е м е н у в а н; се работи за тоа тој да се р а з б е р е.“ Втората оценка е: „Секој што создава програма на идно оп-

штество — реакционерен е.“ Овој став е интегрален и неизменет, а неговиот автор е Маркс (во „Иднината на работничката класа“, од 1869).

Самата содржина на оваа формулација, несомнено збунува: препорачува ли тоа Маркс исцело да се откаже од било какво **планирање** на општествениот живот? Можно ли е дека овој став треба да се разбере како сугестија да апстинираме од свесна и организирана општествена акција, која, врз историски содржаните можности, би ја планирала општествената иднина? Меѓутоа, зарем самиот Маркс со целото свое дело всушност не градел една монументална **програма** на идното општество?

Прашањата се бројни, и несомнено, упатуваат на дијаметрално спротивставени одговори. Сепак, по сè изгледа дека Маркс наоѓа, во оваа теза, една мошне значајна точка во рамките на сопствената теоретска позиција во однос на проценката на општествениот карактер на историските промени, а воедно, дека тука назначува граници на еден систем на автокритика и постојано преиспитување на сопствените резултати, и, што е уште поважно, на исправноста на сопствените научни постулати. Со други зборови, Маркс тука го поставува прашањето за можностите на организирана историска акција, но услови низ кои самата негова (Марксова) теорија ќе остане отворена за регулации и критичка креативна комуникација со себе и со стварноста. Тој едноставно го прави она што е од животна важност за секоја теорија: ја заштитува од закостување, ја остава отворена и изложена на делувањето на сите искушенија, ја обдарува со сила да делува како фактор на живата реалност, а не да се мумифицира во запечатена езотерична привилегија на посветените, ниту пак да се стори во масовен фетиш на непосветените.

Со ова Маркс се изјаснува против било какви привилегии во однос на третманот на неговата теорија и целиот негов потфат: она што важи за секое човечко општество — имено, тоа што социјалниот реалитет постои како консеквенца на човековото немирење со дадениот облик на стварноста — без исклучок отсега треба да важи и за неговиот ангажман. Тој не може да биде облик на немирење со дадениот облик на стварноста, доколку себе би се изземал од тоа постојано стремење натаму, доколку себе би се поставил над сè и со себе би воспоставил вечен мир.

Проблемот на односот „теорија-практика“ — а во основа токму тоа е фокусот на ова разгледување — во конкретизација на теоријата на Маркс, усложнет е поради една структурна одлика на Марксовата мисла. Имено, марксизмот е социјална теорија која никогаш не била индиферентна кон степенот на својата општествена примена и реализација. Идеја на една тео-

рија на општеството, која е оформена со цел да биде и практично реализирана, битно е различна од идејата на социјална теорија која нема такви претензии. Не влегувајќи, во оваа прилика, во оправдано актуелните контроверзи околу проблемот на дефиницијата на марксизмот, (за кој овде ќе претпоставиме дека, во онаа димензија во која учењето на Маркс може, како социјална теорија, да се покрие со подрачјето на историскиот материјализам), јасно е дека со него воедно се инсистира и врз објаснувањето на социјалниот развиток, но и врз оформување услови во кои ќе може да настапи конкретна примена и реализација на самата таа теорија. Како што покажале анализите на една струја марксистички инспирирана мисла (пред сè во делата на Хабермас, Гадамер и Гигел), реализацијата на ваква амбиција веќе како проект, доведува до определени конкретни промени и раслојувања во структурата на оваа теорија.

Имено, од една страна, таа се кристализира како социјална практика, која, во форма на општествено историска синтеза го овозможува самото научно познание; од друга, оваа теорија се оформува во одреден конкретен облик на политичка практика која свесно и систематски се функционализира во средство за менување на постојниот систем социјални институции и легитимниот облик со кој општествените односи се регулираат; таа сака да ја преобликува стварноста против која се бори, но, а токму тука е поентата, мора да го дефинира сопствениот однос кон стварноста изградена (по победата) врз принципите на сопствениот проект. Она што е особено важно: во ова раслојување доаѓа до формирање (барем според иманентната логика, односно, in potentia, доколку веќе не и in acty) една специфична двојна критичка активност, низ која, како од себе поставена призма, самата таа теорија себе се проверува — и тоа, како теоретска конструкција, но исто така и во облик на конкретизирана социјална практика. Оваа мета-теориска активност, придружена е, според тоа, и со адекватен облик на мета-практичка проценка, што значи дека е реализирана како авто-регулативен и авто-корективен систем. И уште еднаш: Марксовата мисла по правило се проценува како револуционерна — што лесно и јасно се илустрира со нејзиниот однос кон капиталистичката, непријателската стварност. Но, исто така по правило, се запоставува или и сосема заборава проблемот на нејзиниот однос кон стварноста создадена по нејзини упатства — односот кон сопствената стварност во која таа се реализира не само како теорија туку и како социјален општествено-економски облик на живот. Таа не може (не би смеело да може) автоматски да ја загуби сопствената критичност и да деволуира во авто-апологетика — токму затоа што со таквиот чин би се загубило нејзиното основно својство: да настапува како теорија која гради однос на саморефлексија. Таа го има

за свој предмет светот како општествен тоталитет, што значи дека мора и себе во него да се вклучи, испитувајќи го во рамките на тој тоталитет, ритамот и интензитетот на сопственото конкретно социјално усвојување, примена и измени.

Раководени со методолошкото уверување дека само јасно експонираните позиции овозможуваат и супстанцијална аргументација, ја подвлекуваме тазата дека еден од критериумите за автентичната конкретизација на Марксовата мисла денес, еден век по смртта на нејзиниот творец, може да биде и решавањето на дисјункцијата предложена во насловот. Оној пристап што без двоумење би му дал приоритет на теорискиот сегмент, опфатен во она „Маркс", што, со други зборови, би ја игнорирал или исцело подредил социјалната реалност опфатена во поимот „современост" и разбрана како подрачје во кое спаѓа и самиот марксизам, таквиот пристап јасно би ја открил својата неспособност, на мислата на Маркс да ѝ ја признае, hic et nunc, научната и општествената *зрелост*. Напротив, пристапот во кој би била имплицирана претпоставката за постоење јасна саморефлексија како во рамките на проценката на теоријата, така и во нивото на историската реализација во облик на општествена практика, како типична и дури, битна за мислата на Маркс, воедно би ја потврдил нејзината *зрелост* во смисла на определена филозофско-политичко-практична традиција која е жива и активна, која има сила и смелост да стои во автономен и слободен однос кон себе, својата досегашна историја и сопствената современост.

Дека овој императив историски не само што не бил реализиран, туку дека по правило бил испуштен и од предвид, макар во форма на стратешки десидератум, ако не веќе во негова вистинска содржина — како асимптотски Eshaton, — лесно може да биде илустрирано со примерот на една добро позната теориска дихотомија.

Тргнувајќи од несомнениот факт дека теоријата на Маркс, во една своја (никако не маргинална) димензија, историски се раслојува — од причини кои веќе се посочени — на одреден облик *политичка организација*, Ѓерѓ Лукач ја издвојува таа одлика, да истакне дека вака создадената политичка организација настапува како форма на посредување меѓу теорија и практика. Имено, вели Лукач, задачата на оваа политичка организација (а тоа е КП), за Маркс е во тоа наемните работници да ги доведе, со помош на теоријата, до самоосвестување — до согледување на конкретен и објективен историски стадиум во кој тие се наоѓаат — во крајна линија, до претворање во „класа за себе". До тука, интерпретацијата на Маркс, без двоумење може да се оцени како сосема автентична. Меѓутоа, од оваа точка се отвора простор во кој се можни различни решенија, со оглед на тоа што самиот Маркс не дал конкретен и

дециден патоказ, во кој правец треба да се продолжи. Лукач го одбира оној што и на Ленин му е близок: пролетаријатот сè уште е длабоко заплеткан во противречностите на буржоаското општество — споделувајќи ги и вредностите и начинот на мислење, карактеристични за буржоазијата. Според тоа, субјективниот развиток на пролетаријатот јасно заостанува зад можноста за економско-политички интервенции, содржани во објективно-историските околности. Поради објективната неразвиеност на пролетаријатот, кој воедно е пресуден фактор на социјалната стварност, поради неговата невозможност самостојно да го изрази и оствари сопствениот историски потенцијалитет, напомош треба да дојде оној дел од стварноста што ќе има сили овој потенцијалитет да го преточи во реалитет — а тој дел е токму самата историски еманципирана теорија. Со оглед на отсуство свесна, усвоена и јасна волја за револуција кај пролетаријатот, се наметнува, како историското право, така и историската потреба за организирање револуционерна партиска авангарда, која, вооружена со теоријата, ќе му овозможи на пролетаријатот да ја изврши својата револуционерна мисија. Овде веќе јасно е промовиран и Лениновиот модел на теоријата на Маркс — со кој, de facto, теоријата, идејата, проектот, во најбуквална смисла, добива дефинитивен и конкретен приоритет пред практиката, стварноста, современоста. Партијата, која е легитимен интерпрет на интересите и застапник на оној дел на општеството во кој е концентрирана практичната интенција на самоостварување на теоријата, не смее во никој случај да стане објект на неконтролирано влијание на оние сили на историјата кои и покрај својата клучна улога во перспектива, сè уште не стасале до сопствена историска свест. Партијата е, од премисите на Маркс, определена и кај Ленин и кај Лукач, историски супститут на пролетаријатот, кој апсолутно мора да има раководна улога; во партијата, според зборовите на унгарскиот марксист, пролетаријатот треба да ја согледа сопствената класна свест остварена како историски конкретен облик.

Меѓутоа, дека Маркс оставил незапоседнат простор, кој може да се измине и вака и онака, покажува примерот на Роза Луксембург која поинаку го чита Маркса. За неа, историскиот субјект е пролетаријатот, а неговиот класен и револуционерен легитимитет фактички е непреносив врз какво и да е делегатско тело. Во формулацијата и интерпретацијата на сопствените интереси, според Роза Луксембург, последен збор има самиот пролетаријат — како и во определување на непосредните или стратешките историски задачи — додека Партијата само стои во служба на реализација на тие интереси. Таа е инструмент.

Затоа германската револуционерка ќе остане консеквентно на сфаќањето според кое мораме да дадеме предимство на резултатите, inclusive и грешките, „на секое спонтано движење пред безгрешноста на најсовршен ЦК".

Смислата на наведувањето на овој дихотомиски јазел не е во тоа да се утврди кој е во право — чие читање на Маркс е поавтентично — тоа на Ленин и Лукач, или пак тоа на Роза Луксембург; во крајна линија, кога и би се дало едно такво пресудување, би можело да се рече, со полно право: и двете концепции се коректни! Зашто, на ниво на практика, нема сомнение дека концептот на Ленин е верифициран како супериорен. Токму според тој модел извршена е и првата светска социјалистичка револуција! Стратешки пак, платформата на Р. Луксембург има јасно предимство, бидејќи сета прогресивна и револуционерна историска акција, вклучувајќи ги тука и социјалистичките револуции, во основа настапува како конкретизација на интересите, улогата и силите, односно, акцијата, на експлоатираната класа, значи, и пролетаријатот, а не поради некаков политички волунтаризам или историска телеологија.

Дилемата ја наведуваме за да покажеме дека марксизмот не може да се редуцира на една димензија, а тоа да не биде, не само практично крајно непожелно, туку и теориски неусогласено со суштината на теоријата на Маркс. Кај самиот Маркс нема никаков редукционизам кој би бил негов последен збор и дефинитивна методолошка парадигма — во однос на приоритетот на проектот, односно, стварноста (секогаш презентирана како симултаност, како с о в р е м е н о с т). Во теоријата и практиката, инспирирани во текот на ова столетие, со неговата мисла, — таков редукционизам не само да постои, туку е практично универзална појава: сето богатство на процеси, појави, сфаќања, сета теориска и полемичка активност на десетици илјади умови, главно се кристализирала како одбрана и афирмација на едниот или на другиот член од дисјункцијата — без навестување синтеза. Така се запаѓало, и се запаѓа, било во прагматизам, при што идеалот е деградиран во инструмент, или барем потиснат во сферата на адаптација кон промените во стварноста; или пак, во заслепен волунтаризам со кој се игнорираат можностите и законитостите на современоста — а идеалот — во форма на „петолетки" кои не се остваруваат, но кои затоа имаат оптимистички и превисоко поставени норми — одвај опстојува, сведен на автокарикатура и фарса. Сета досегашна историја на социјализмот, во основа е распната меѓу тие две поларни позиции: револуција *или* реформа, леб *или* слобода, безбедност *или* општествен стандард, уметност со тенденција (прогресивната уметност) *или* ларпурлартизмот (реакционерната), сегашнината *или* иднината . . . Контроверзата околу „Еврокомунизмот" и „реалниот социјализам", во основа е

судир околу истото прашање: првиот јасно ја преферира *современоста*, почитувајќи ја сопствената социјална стварност во мера која фактички го потиснува идеалот во недогледна перспектива; Енгелсовите предупредувања од 1891 година, за битните измени во состојбата, кои мораат да резултираат и во радикално преформулирање на историските облици на борбата на работничката класа, можат да се расветлат како нивна теориска парадигма. Вториот модел, оној на „реалниот социјализам", суштински е конципиран така да ја истакне далечната перспектива на идеалот, и сосема да ја потисне свеста за современоста. Чисто оптички, ова може да се дијагностицира така што првиот модел има диоптер од најмалку „—5", додека вториот би морал да стави стакло со диоптер „+5".

Очигледно е, според тоа, дека дилемата „Маркс или современост" не само што не е реторичка, туку нејзиното разбирање, согледување на сета нејзина сложеност и сериозност, пресудно ги определува шансите за остварување на онаа практична задача што таа теорија ја поставила како задача на сопствено самоостварување — задачата да се организира општество кое ќе биде вистинска човечка заедница. Меѓутоа, ако веќе историски немало, или се крајно ретки напорите за една конкретна синтеза меѓу овие две крајности, тоа би можело да упатува на еден вид манихејска структурираност: можеби, во основа, човекот *мора* секогаш да даде конкретен приоритет, да фаворизира, — било идеалот, кон кој се стреми, — било условите во кои живее (својата животна реалност, или со други зборови, сопствената с о в р е м е н о с т)?!

Во основа, ваков одговор сугерираат бројни мислители и најразлични правци — од самите манихејци до прагматизмот. од Фихте од Ниче ... Овде ќе упатиме на две современи варијанти кои можат да го олеснат разбирањето на предложениот заклучок.

Првата е онаа на Лешек Колаковски, според кого, може со доста право да се претпостави дека традиционалната поделба на филозофските концепции на „левите и десните", не мора само историски да е условена, туку може да биде трансисториска, на извесен начин, дури перенијална: „... најважната поделба е онаа на духовна левица и десница, кои не се карактеризираат со конкретно назначени истражувачки методи, туку со својот основен интелектуален став ... при што левицата инсистира врз перманентното преиспитување на постојното, додека десницата го промовира опортунизмот кон стварноста ..."

Врз значењето на психолошките, менталните разлики, како темелни претпоставки за разграничување на филозофско-методолошката позиција, посочува и една оценка на Милан Кундера, во која се прецизира дека „борбата на човекот против власта, сушност е борба на сеќавањето против заборавот".

Наспроти индивидуално-психолошката перспектива што е, по наша оценка, видна и во двата спомнати пристапи, би го потенцирале она „психолошкото“ и би се апстрахирале, за потребите на овој пристап, од она „индивидуалното“. Во тој случај на оценката на Кундера би ѝ префрлиле една радикална неточност. Имено, во психолошка смисла, власта се изразува токму како борба против заборавот — таа, власта, функционира преку постојано и систематско освежување на памтењето, таа, есенцијално, постои врз фактот врз кој е и изградена: врз организирано спротивставување на силите на заборавот — нејзината супстанца е ништо друго туку меморија. Се разбира, не меморијата на овој или оној поединец, иако и тоа не е реткост, — но овде се зборува за принципиелни прашања — туку како *организирана општествена меморија.*

Од оваа определба станува јасно зошто изградбата на општествените идеали (утопијата во најширока смисла) секогаш ѝ е суспектна на власта; таа, имено го воведува во акумулираниот фонд на општествената меморија, нешто што дотогаш таму не било — што не се памети. Општествениот прогрес мора да биде, на некаков начин противен на автентичните интереси на власта дури и тогаш кога е поттикнат од самата власт и кога стои во функција на опстанокот на власта — бидејќи ѝ противречи на нејзината најдлабока определба: да биде одбрана на постојното, да му даде приоритет, да го постави на ниво на централен критериум. Промената, па така и прогресот, на извесен битен начин, го игнорира она што е материјал на седиментирано историско памтење. Сака да оди подалеку од него. Да го надмине. Дотолку, општествените промени, односно, пак психолошки, самата потреба од промени и потреба за промени, се кристализира во еден битно поинаков процес: во процесот на *општествената визија.*

Историјата на сите досегашни општества е историја на борбата меѓу овие два принципа: визијата и меморијата. Долгата традиција на таа борба довела до крајно негативната состојба во која се заборавило дека овие два процеса се симултано и органски присутни како во поединецот така и во општеството, така што фактички, постои судир на општествено организираната *меморија (односно,* власта, што е само друго име за силите кои ѝ даваат предимство на стварноста пред идеалот, односно, на современоста пред проектот), и општествено организирана, често во илегала потисната, *визија* (а таа не е ништо друго освен позиција која стреми кон надминување на постојното, даденото, современото).

Меѓутоа, претпоставките врз кои е поставена теоријата на Маркс, макар само и во анализата на идеалните модели на нејзината чисто теоретска и практичната, апликативната димензија, всушност дозволуваат конструирање на еден модел во кој

општествената визија и општествената меморија фактички ќе коинцидираат, без какво и да е взаемно девалоризирање. Клучот за тоа е токму во онаа саморефлексивна, мета-теориска и мета-практична, одлика на марксизмот кој, и како политички концепт, односно практика, и како научно-филозофска позиција, нужно инволвира изградба на еден систем за континуирано критичко превреднување и на сопствените премиси и на стварноста менувана под влијание на примената на тие премиси. Пример на текстовите на Маркс, особено на студијата „Класните борби во Франција", како и „Граѓанската војна во Франција", односно „Критиката на готската програма" и „18 Бример на Луј Бонапарта", јасно покажуваат на кој начин една теорија, која сака општествено да се реализира и да стане доминантен образец за моделирање на општествениот живот, успева да воспостави жив, активен, со брза размена на информации и идеи и со взаемни отворени коректури и ревизии, контакт и однос кон сите општествени настани, и на кој начин, всушност ги зема предвид за сопственото преиспитување.

Меѓутоа, општествената практика и историјата на социјалистичките движења јасно покажува дека оваа димензија не е доволно земена предвид: по правило е санкционирана позиција на јасната доминација, било на општествената меморија (и тоа пред сè во општествата кои веќе нешто постигнале и сакале тоа да го зачуваат) било пак, на општествената визија (општествата кои нешто постигнале, но тоа било толку малку што фактички било подобро да се заборави на современоста и да се гледа напред, кон иднината). Но доколку целосната рамнотежа и не може да се оствари во дадените историски околности, сепак, помирувањето со фактичката изместеност од хармоничната избалансираност, ја влошува положбата бидејќи го губи стратешкиот репер — ориентирот — во чие постоење Маркс не само што не се сомневал туку и го назначил како основен белег на светот кроен по мерата на човекот:

„Дури откако стварниот индивидуален човек ќе го врати во себе апстрактниот граѓанин и како индивидуален човек ќе стане родовско суштество во својот емпириски живот, во својот индивидуален труд, своите индивидуални односи, дури откако човекот ќе ги сознае и организира своите сопствени сили како општествени сили и затоа веќе не ќе ја дели од себе *општествената сила во облик на политичката сила*, дури тогаш човековата еманципација ќе биде довршена".

Ако се има предвид дека за Маркс „човекот е највисока суштина на човекот", јасно е дека ниту една теорија и ниту еден конкретен облик на историска практика, не можат да стојат **над** самиот човек. Ова изедначување на теориското и практичното, ова помирување на „разбирањето и менувањето", како два облика на нашиот однос кон светот, фактички

ја открива XI-та теза за Фоербах во нова светлина во која таа е ослободена од својата едностраност и квалификативност, и воедно, доведена кон своја автентична целовитост. Вистинскиот нејзин контекст пробива како афирмација на идеалот на „тотален човек“. Доколку ова не би се имало предвид, зарем воопшто би било можно да се одговори на една така исклучиво формулирана теза, во која треба да се решиме меѓу разбирањето (интерпретирањето) и менувањето на светот — меѓу меморијата и визијата! Како да може да се гради меморијата, доколку не се стави во служба на некаков идеал, на некаков општествен проект што животот ќе го измени кон подоброто — и пак, како да е можна визијата доколку за својот темел го нема респектот кон сета своја историја, изразена како општествена меморија?

Динамичката и дијалектичката суштина на една социјална теорија каква што е Марксовата, која едновремено ги респектира и своите претроставки и сопствените највисоки идеали, мора, јасно е, континуирано да работи врз едновремена реализација и на двете сфери — да го разбира, а оттука и да го менува светот, односно, со менувањето, да напредува и во неговото разбирање. Постојано стратешки фокусирана свест за тоа, никогаш не била толку потребна како во ова наше време во кое нема многу знаци на стабилност и хармонија. Ако сето тоа се има предвид, тогаш не можат да звучат стереотипно, ниту банално зборовите кои повикуваат кон тоа современоста да му се доближува на Маркс, Маркс да ѝ се доближи на современоста.

Ferid MUHIĆ

## MARX OR CONTEMPORANEOUSNESS

### Summary

In this paper attention is paid to the relatioship of theory and practice specifically applied to marxism. In contrast to most other social theories, marxism is not indifferent to its own practical social objectification. The analysis discover three main levels in which marxism chrystalizes its own existence: the level of social practice; the level of political practice; the level of theory. This polydimensional structure binds it up to selfreflexive and self-critical examination, on theoretical, as well as on socio-practical, level. The obligation to do so ie smphasized bu the fact that marxism play the most important part for social reality and political situation in socialist countries — by being in privileged position of shaping it directly in accordance with its own strategy, and philosophy.

Marxism must continue to preserve its specific and multidimensional structure, because it is the only way to save its autonomous character and critical function. It must be selfinquisitive permanently and on all its three levels. History have proved that marxism should never be reduced to only one level — like it was the case in the past whan it too often was synonim for political instrument and ideological legitimation. To prevent this simplification of marxism is of vital significance for the present and no less important for the future of socialism.